# ЕДНА ГОДИНА ПОТОА

## МОНИТОРИНГ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**ПЕРИОД**

**1 ФЕВРУАРИ 2012 – 1 ФЕВРУАРИ 2013**

**ОПФАТ:** **25 Органи на државна управа - ОДУ** (15 министерства, 10 јавни институции), **84 Единици на локалната самоуправа - ЕЛС и Градот Скопје**

**93%** **Одговорени барања за пристап до информации од јавен карактер**

## ПРЕДМЕТ:

***Имплементација на техничките претпоставки*** (рокови за именување; усогласување на актите и специфицирање на мандатот на машинеријата за еднакви можности на жените и мажите; формирање на Интер-ресорска група од Владата);

***Исполнување на мандатот и надлежностите на комисиите за еднакви можности на жените и мажите – КЕМЖМ*** (ефикасност и фокус на дејствувањето на КЕМЖМ во Собранието на РМ и при советите на ЕЛС);

***Исполнување на обврската на органите на државната управа и ЕЛС за превземање посебни мерки,*** (обем, вид и карактер на превземени мерки).

## Што вели ЗЕМЖМ?

**Цел -** Воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот

**Кој -** Целото општество, сите субјекти во јавниот и приватниот сектор

**Што подразбира воспоставување еднакви можности -** Отстранување на пречките и создавање услови за остварување на еднаквост меѓу жените и мажите

**Еднаквост помеѓу мажите и жените -** Еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра помеѓу жените и мажите

**Како - преку обврска за субјектите за превземање на:**
**Основни мерки - *нормативни*** (забрана на дискриминација); ***систематска промоција*** како општествена вредност; и ***воведување на родовата перспектива*** во планирањето, буџетирањето и известувањето (Gender Mainstreaming)
**Посебни мерки - *позитивни; охрабрувачки; и програмски***

# СОБРАНИЕ НА РМ

Се грижи за елиминација на сите форми на дискриминација врз основа на пол и подобрување на општествениот статус на жените; го интегрира принципот на еднакви можности на жените и мажите во законските иницијативи, политиките и програмите; организира јавни дебати и расправи за прашања од областа на еднаквите можности на жените и мажите; ги анализира и дава мислења за влијанието на законските одредби врз статусот на жените и мажите; бара извештаи и документација од надлежните институции во однос на сферата на работа; и подготвува и објавува извештаи за својата работа.

**КОМИСИЈА ЗА ...**

**КОМИСИЈА ЗА ...**

## КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Постојано работно тело кое ги разгледува законските предлози и прописи кои се однесуваат на ЕМЖМ, другите закони и прописи од аспект на вклученост на родовиот концепт и предлогот на буџетот и Стратегијата за родова еднаквост; донесува и изменува закони и прописи од областа; го следи усвојувањето и спроведувањето на посебните мерки, се грижи за доследно спроведување на одредбите од ЗЕМЖМ; соработува со механизмите за ЕМЖМ и со други релевантни субјекти; превзема иницијативи и активности за надминување на стереотипите, редовно го информира Собранието за прашања поврзани со ЕМЖМ.

# ВЛАДА НА РМ

Се грижи за унапредувањето и воспоставувањето на еднаквите можности и постигнување на целите на овој закон преку примена на основните и посебните мерки; предлага Стратегијата за родова еднаквост; го следи спроведувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешките планови на ресорните министерства и буџетите; објавува статистички податоци за застапеноста на жените и мажите во именуваните функции и телата на одлучување, управување и раководење.

## КООРДИНАТОР И ЗАМЕНИК КООРДИНАТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Именувани од Владата, соработуваат со Министерството за труд и социјална политика.

## ИНТЕР-РЕСОРСКА КОНСУЛТАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Формирана со одлука на Владата, составена од функционери/раководни државни службеници, претставници на граѓански организации, здруженија на работодавци, експерти, претставници на локалната самоуправа, синдикатите и други субјекти. Го промовира концептот на вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции; ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области; го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија и европските стандарди во областа на родовите прашања; учествува во подготовката и да дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост; и ги следи периодичните извештаи од институциите.

## ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Се должни во рамките на своите надлежности да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности преку превземање на основни и посебни мерки и во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на годишните извештаи.

## МТСП

Се грижи за промоција на ЕМЖМ; инкорпорирање на принципот на ЕМЖМ во реорганизацијата, промоцијата развојот и оценувањето на политиките во сите фази и на сите нивоа, локално и национално; дава мислење за предложените основни и посебни мерки и ја следи нивната примена; соработува со КЕМЖМ во Собранието на РМ во подготовката на закони, стратешки документи и извештаи; доставува предлози за усвојување или дополнување на законските и други прописи до Владата или надлежните министерства; соработува со координаторите во органите на државната управа и координаторите и комисиите за еднакви можности во ЕЛС, обезбедува нивна меѓусебна кодинација и изготвува насоки и предлози за исполнување на нивните обврски за постигнување на целта на законот; подготвува анализи, извештаи и други документи поврзани со еднаквите можности и истите ги објавува на веб страницата на министерството; го изработува предлогот на Стратегијата за родова еднаквост и плановите за нејзино спроведување, следи и објавува годишни извештаи за активностите и резултатите од нејзиното спроведување; доставува годишен извештај до Владата на РМ.

## ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Се должни во рамките на своите надлежности да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности преку превземање на основни и посебни мерки и во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на годишните извештаи.

### Координатор и заменик координатор за еднакви можности

Определено службено лице со надлежности и задачи утврдени во актот за систематизација, одговорен за спроведување на должностите, дава мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на наделжностите на државниот орган, се координира и соработува со МТСП, доставува годишен извештај за својата работа.

### Сектор за еднакви можности

Механизам за координација и поддршка на имплементацијата на активностите во надлежност на МТСП.

### Координатор и заменик координатор за еднакви можности

Определено службено лице со надлежности и задачи утврдени во актот за систематизација, одговорен за спроведување на должностите, дава мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на наделжностите на државниот орган, се координира и соработува со МТСП, доставува годишен извештај за својата работа.

# ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Се должни да го почитуваат принципот на ЕМ; ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку превземање на основни и посебни мерки утврдени во изработен годишен план; го инкорпорираат принципот на ЕМЖМ во стратешките планови и буџети и ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите, известуваат во рамките на своите годишни извештаи; соработуваат со здруженијата на работодавачите, синдикатот, невладините организации и здруженија активни на полето на еднаквите можности со цел да обезбедат предлози и мерки, ги разгледуваат и земаат предвид предложените мерки и активности од страна на КЕМЖМ и Координаторот за ЕМЖМ.**

## КООРДИНАТОР И ЗАМЕНИК КООРДИНАТОР ЗА ЕМЖМ

**Определен од редот на државните службеници со надлежности и задачи утврдени во актот за систематизација. Унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, дава предлози и мислења до советот на ЕЛС и до институциите и организациите на локално ниво; ја следи, изработува извештаи за состојбата и предлага иницијативи за преземање на мерки; соработува со КЕМЖМ и покренуваат заеднички иницијативи, соработува со невладините организации и останатите институции на локално ниво, се координира и соработува со МТСП, доставува годишен извештај за својата работа.**

## КЕМЖМ

**Постојано работно тело на Советот формирано со одлука на советот и со состав, надлежности, задачи и обврски утврдени со статут; дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на советот на ЕЛС; учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено стратегијата за развој на ЕЛС, донесувањето на буџетот, статутот, програмата за работа на советот на ЕЛС и др.; идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на ЕЛС и општинската администрација; се грижи за доследно спроведување на одредбите од ЗЕМЖМ и други релевантни закони, предлага до советот на ЕЛС мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на ЕЛС.**

design: www.koma.com.mk

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

акција ЗДРУЖЕНСКА
www.zdruzenska.org.mk

„Овој материјал е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на материјалот е одговорност на Акција Здруженска и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави. "

# ЕДНА ГОДИНА ПОТОА

## МОНИТОРИНГ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## КАКО СЕ ИСПОЛНУВАА ТЕХНИЧКИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ?

АПРИЛ 2012

### ТРИМЕСЕЧНИОТ РОК ЗА:

**ВЛАДАТА**
- Да определи координатор и заменик координатор за еднакви можности
- Да донесе акт за составот и начинот на работа на Интер-ресорската група за ЕМЖМ

**ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**
- Да определат координатор и заменик координатор за еднакви можности

**ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
- Да формираат КЕМЖМ со статутарно определени состав, надлежности и обврски
- Да определат координатор и заменик координатор за ЕМЖМ

**НЕ Е ПОЧИТУВАН ОД НИТУ ЕДЕН СУБЈЕКТ!!!!**

## ОКТОМВРИ 2012

**ВЛАДАТА**

Сеуште нема определено координатор и заменик координатор за еднакви можности

Сеуште го нема донесено актот за Интер-ресорска група за ЕМЖМ

**ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

**71%** тврдат дека определиле координатори и заменици координатори

**24%** доставиле акт со кој тие се определени

**67%** тврдат дека писмено го известиле МТСП

**43%** доставиле копија од писмото од известувањето

**10%** доставиле измени и дополнувања на актот за систематизација со утврдени задачи и надлежности на координатори и заменици координатори

**19%** тврдат дека постапката е во тек

**ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

**1%** имаат усогласен статут со утврдени надлежности на КЕМЖМ

**6%** тврдат дека определиле координатори и заменици координатори

**4%** доставиле акт со кој тие се определени

**4%** доставиле измени и дополнувања на актот за систематизација со утврдени задачи и надлежности на координатори и заменици координатори

## ПРЕПОРАКИ

- Да се развие и спроведе програма за информирање и појаснување на обврските од ЗЕМЖМ за сите субјекти
- Да се иницираат прекршочни постапки за санкционирање на субјектите кои не ги исполниле

# ЕДНА ГОДИНА ПОТОА

## МОНИТОРИНГ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## КАКО КЕМЖМ ПРИ СОБРАНИЕТО НА РМ ГО ИСПОЛНУВАШЕ МАНДАТОТ И НАДЛЕЖНОСТИТЕ ВО 2012?

**13** ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ, ПОВЕЌЕТО СО 1 ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД (ЕДНОВРЕМЕНО НАЈАВЕНИ КАКО ЈАВНИ РАСПРАВИ, ВКЛУЧУВААТ И СЕМИНАРИ)

**0** РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ И ДРУГИ ПРОПИСИ/АКТИ

**6** ПОДНЕСЕНИ АМАНДМАНИ, СИТЕ НА 1 ЗАКОН (ЗЕМЖМ)

**0** АМАНДМАНИ НА ПРЕДЛОГ/РЕБАЛАНС БУЏЕТ

**2** РАЗГЛЕДАНИ ПРЕДЛОГ СТРАТЕГИИ

**0** РАЗГЛЕДАНИ ИЗВЕШТАИ ОД МТСП/СЕКТОРОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**1** ПОСТАВЕНО ПРАТЕНИЧКО ПРАШАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ОД ВКУПНО 61 ПОСТАВЕНИ ОД ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА)

**0** ИНИЦИРАНИ НАДЗОРНИ РАСПРАВИ И ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД НА ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ ПОВРЗАНИ СО ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## ПРЕПОРАКИ ЗА КЕМЖМ ПРИ СОБРАНИЕТО НА РМ

- Да подготвува и усвојува годишна програма за работа во која ќе бидат утврдени приоритетните тематски прашања, легислативата, и извештаите/информациите од институциите кои ќе бидат предмет на разгледување на седниците;
- Да воспостави пракса на задолжителна анализа на предлозите и на законите од аспект на можните негативни последици врз мажите и жените (особено маргинализираните/ранливи категории мажи и жени) и еднаквоста, со вклучување на експертската јавност и граѓански организации;
- Да го зголеми обемот на поднесени амандмани и предлози/иницијативи за измени и дополнувања на предложени или усвоени закони/прописи до собранието, вклучувајќи го и буџетот;
- Да развие стандардизиран формат на задолжително разгледување на годишните оперативни планови, како и на периодични и годишни извештаи за резултатите од спроведувањето на политиките за родова еднаквост;
- Да развие стандардизиран формат на редовно побарување информации од институциите кои имаат надлежност според ЗЕМЖМ за состојбата со родовата еднаквост во одделни сфери, и ефикасноста и ефектите од превземените мерки во одделните секторски политики;
- Да ги стави во функција сите расположиви механизми од собранискиот деловник за обезбедување соодветни буџетски средства за спроведување на политиките (стратегии, програмите, планови и мерки) за унапредување на родовата еднаквост.

# КАКО КЕМЖМ ПРИ СОВЕТИТЕ НА ЕЛС ГО ИСПОЛНУВАА МАНДАТОТ И НАДЛЕЖНОСТИТЕ ВО 2012?

| 12[15%] | 2[2,5%] | 0[0%] | 3 | 35 |
|---|---|---|---|---|
| ОДРЖАЛЕ СЕДНИЦА | ДОСТАВИЛЕ МИСЛЕЊА И ПРЕДЛОЗИ ДО СОВЕТОТ | ПОДНЕЛЕ БУЏЕТСКИ АМАНДМАНИ | ПОДНЕСЕНИ МИСЛЕЊА И ПРЕДЛОЗИ ДО СОВЕТОТ | ВКУПНО ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ, ОД КОИ 20 ОДРЖАНИ ОД 3 КОМИСИИ |

**Теми на седниците**

| | |
|---|---|
| АКТИВНОСТИ И ПРОГРАМИ НА КОМИСИЈАТА, АКЦИСКИ ПЛАНОВИ | Пробиштип, Чучер Сандево, Охрид, Центар |
| ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЗЕМЖМ | Чучер Сандево |
| СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ БОЛЕСТИ | Битола, Штип |
| РАБОТА НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ | Штип, Лозово |
| БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО | Вевчани, Лозово, Ѓорче Петров |
| ОБУКИ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО | Аеродром |
| БЕСПЛАТНИ ПРЕГЛЕДИ/ МЕРЕЊЕ КРВЕН ПРИТИСОК И ШЕЌЕР | Лозово |
| РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ, ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ЧОВЕКОВИ ПРАВА, ЖЕНИ ОД РУРАЛНИ СРЕДИНИ И НИВЕН РАЗВОЈ | Ѓорче Петров |
| РАНО ОТКРИВАЊЕ НА РАК НА ДОЈКА, ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА, ОБУКИ ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ | Вевчани |

### Некои општини почувствувале потреба да се оправдаат

- Неформирана комисија;
- Ќе се формира по локалните избори;
- Нема кворум;
- Нема програма на совет;
- Лоша финансиска состојба;
- Не одржале седници но учествувале на обуки и семинари и сл.

## ПРЕПОРАКИ ЗА КЕМЖМ ПРИ СОВЕТИТЕ НА ЕЛС

- **Да подготовуваат и усвојуваат на годишна програма за работа со утврдени предлози на комисијата за годишната програма за работа на советот, специфичните тематски прашања, актите, извештаите/информациите подготвени од администрацијата/институциите кои ќе бидат предмет на разгледување на седниците на комисијата;**
- **Да иницираат развивање на стандардизиран формат за консултации, прибирање мислења и придонес во подготовката на годишни планови на општината за унапредување на еднаквите можности;**
- **Да воведат пракса на задолжително разгледување, усвојување и објавување на годишните оперативни планови за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во општината и годишните извештаи за резултатите од нивното спроведување и одржување тематски седници на советот по овие прашања;**
- **Да ги стават во функција сите расположиви механизми од општинскиот статут и деловникот за обезбедување соодветни буџетски средства за унапредување на родовата еднаквост.**

# ЕДНА ГОДИНА ПОТОА

## МОНИТОРИНГ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## КАКО ЕЛС АКТИВНО ГИ УНАПРЕДУВАА ЕМЖМ?

### ПОСЕБНИ МЕРКИ

| | |
|---|---|
| 15 [19%] | ОПШТИНИ ПРЕВЗЕМАЛЕ ПОСЕБНИ МЕРКИ |

*Од кои*

| | |
|---|---|
| 0 | ПРЕВЗЕМАЛЕ ПОЗИТИВНИ МЕРКИ |
| 1 | ПРЕВЗЕМАЛА ОХРАБРУВАЧКИ МЕРКИ |
| 15 | ПРЕВЗЕМАЛЕ ПРОГРАМСКИ МЕРКИ |

*Најчести оправдувања за отсуство на мерки:*

» НЕМА ПОТРЕБА, НЕ ПОСТОИ НЕЕДНАКВОСТ

» КЕМЖМ НЕМА ПОДНЕСЕНО ПРОГРАМА ДО СОВЕТОТ

» ЕКОНОМСКИ ПРОБЛЕМИ

» НЕМАЊЕ КВОРУМ ЗА РАБОТА НА КЕМЖМ

*Карактер на превземени посебни мерки:*

» ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО МЕСНАТА САМОУПРАВА

» ПРИВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЖРТВИ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

» УЧЕСТВО И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЕМИНАРИ И ОБУКИ (АДМИНИСТРАЦИЈА, МЛАДИ, ЖЕНИ И ДРУГИ ЦЕЛНИ ГРУПИ

» ПОДГОТОВКА И ИЗДАВАЊЕ НА ЕДУКАТИВНА ЛИТЕРАТУРА (ПРИРАЧНИЦИ, БРОШУРИ И СЛ.)

» ИЗГОТВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕМЖМ/РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

# КАКО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА АКТИВНО ГИ УНАПРЕДУВАА ЕМЖМ?

## ПОСЕБНИ МЕРКИ

**6 [42,8%]** МИНИСТЕРСТВА ПРЕВЗЕМАЛЕ ПОСЕБНИ МЕРКИ

*Од кои*

**0** ПРЕВЗЕМАЛЕ ПОЗИТИВНИ МЕРКИ

**2** ПРЕВЗЕМАЛЕ ОХРАБРУВАЧКИ МЕРКИ

**4** ПРЕВЗЕМАЛЕ ПРОГРАМСКИ МЕРКИ

*Карактер на превземени посебни мерки:*

- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО
- РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА
- ОРГАНИЗИРАЊЕ И ПРИСУСТВО НА ОБУКИ И СЕМИНАРИ
- ПОДГОТОВКА НА ИНФОРМАТИВНО - ЕДУКАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ И КАМПАЊИ

*Оправдувања за отсуство на мерки:*

- НЕМА ПОТРЕБА, СО ПРИЛОГ НА РОДОВА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

## ПРЕПОРАКИ

- Да се зголеми информираноста и разбирањето на институциите за природата и карактерот на посебните мерки, и начинот на нивно воведување;
- Да се појасни неопходноста од воведување на посебните мерки за надминување на постоечката неповолна општествена положба на жените и мажите;
- Да се развијат методологии и постапки за: анализа на состојбите со еднаквите можности на жените и мажите во областите во надлежност на институциите; идентификација на посебни мерки кои се соодветни за надминување на нееднаквите можности на жените и мажите;
- Да се развијат годишни планови со посебни мерки и индикатори за следење на спроведувањето на посебните мерки и ефектите од нив.